**Љупчо Неделков**
**(Скопје, Република Македонија)**

# НОСИЈАТА НА САРАКАЧАНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Айсшракш:* Во проучувањето на етничкото и културното минато на еден народ народната носија зазема значајно место. Таа е составен и нераздвоен дел од човечкиот живот, директно поврзана со естетските и културните сфаќања на заедницата на која ѝ припаѓа. Истата има апотропејска и украсна функција а воедно е невербален симбол на етничката заедница на која ѝ припаѓа. Народната носија е директно зависна и од надворешните фактори, какви што се климата, релјефот, па според тоа таа е еден вид и нем сведок за стопанските активности, степенот на културниот развој, како и за културните и историските промени што се случувале кај дадената етничка заедница.

*Клучнни зборови*: Саракачани, Македонија, доселување, народна носија, составни делови.

*Ешничка заедница:* Саракачани; Каракачани; Ашани; Црновунци.

На територијата на Македонија и Србија за првпат се споменуваат во 1882 година (Р.Т.Николић,1912,180). Се смета дека потекнуваат од селото Сараќ (Р.Т.Николић,1912,180), во близина на грчко-турската граница, од каде што поради теророт се доселиле на територијата на Македонија и на Србија. Селото Сараќ не е местото од каде што директно се доселиле во Македонија. Од тоа село тие прво побегнале во околината на Солун, од каде што подоцна се доселиле на овие простори. Се доселувале во групи. По податците кои ги забележал Бранислав Русиќ (Б.Русиќ, 107/V-12), една група *Саракачани* во Македонија се доселила во 1918 година од селото Св. Василица (помеѓу Кукуш и Лагадинското Езеро) во селото Прдејца (Гевгелиско) каде што останале до дваесеттите години на XX век. Во периодот од 1920 до 1922 година тие живееле во селото Удово, а во периодот од 1922 до 1948 година живееле во Богданци. Оваа група на *Саракачани* својата стока ја напасувала на планината Кожуф.
За *Саракачаните* во Македонија малку е пишувано. Н.Сурин (Н.Сурин, 1929,88-92), кој во 1905 година ги посетил "*Саракачаните*" во селото Рожден (Мариово), за нив ги употребува термините *Ромуни, Власи и Каракачани*, а ги смета за погрчени Власи. Во истиот текст авторот вели дека тие зборувале на грчки јазик. Слична збрка со етнонимите наоѓаме и во прилогот на Вера Кличкова "*Власи Каракачани во Македонија* " (В.Кличкова,1953,21-23). Фотографиите во овој текст јасно покажуваат дека се работи за Власи - *Караѓуни*, каде што етнонимот *Караѓуни* е заменет со етнонимот *Каракачани* . Во понатамошниот текст авторот вели: "Покрај Власите *Каракачани* во Македонија постои и друга етничка група, *Саракчани,* кои се издвојуваат од *Каракачаните* по начинот на живеење, носијата и јазикот." Во овој случај наидуваме на колизија на два етнонима кои се однесуваат за една етничка заедница, *Каракачани-Саракачани* . Оттука се поставува и прашањето: кои се *Саракачаните* во Македонија?

Самите себе се сметаат за Грци. "*Ние сме Грци*", вели Ката Костова од Демир Капија родена во 1927 година на планината Кожуф. До својата двесетта година таа не го познавала македонскиот јазик, а влашкиот не го знае ни ден-денес. Исти податоци добивме и од другите припадници на оваа етничка заедница. До слични податоци дошла и А. Попвасилева во своите теренски истражувања (А.Попвасилева, 1987,12), а потврда за тоа наоѓаме и во делата со постар датум (Р.Т.Николић, 1912,180)

*Саракачаните* во Република Македонија се населиле по високите планински предели, каде што се занимавале исклучиво со сточарство. Стадата ги напасувале на планините: Кожуф (*Липа, Алчак, Гладница, Сувидол, Момина Чука, Аџибарица, Драгај*), Никодинска Планина, Ниџе со Кајмакчалан, Козјак (с. Рожден), Баба (*Пелистер, Шобајница, Крива Кобила, Сапунџица, Големо Езеро, Дебел Рид, Дервишка*) и други планини. Во зимскиот период Саракачаните се симнувале по низините во Македонија или на зимување оделе во Солунското Поле.

Линијата на главните сточарски движења започнувала од околината на Дојран, и тоа од пределите: Горничет, Асани и Ергела и се движела кон планината Баба по маршрутата: Дојран - Удово - Пепелиште - Криволак (ја поминувале реката Вардар) - Црвени Брегови - Дреново - Плетвар - Нижополе - Маловишта - Пелистер.

Со сточарство се занимавале до 1948 година, период кога започнува нивниот стационарен начин на живеење. Тогаш се населиле во повеќе урбани населби и тоа: Гевгелиско (Мрзенци и Прдејци), Валандовско (Удово), Демиркаписко (Курешница, Бистренци и Пепелиште) Битолско (Маловиште, Нижополе и Трново), Овчеполско (Црвена Ѕвезда), Штипско (Караорман) и Струмичко (Хамзели).

Во шеесеттите години на XX век започнува процесот на емиграција на *Саракачаните* кон нивната матична земја Грција. Законот за колективизација и присилното одземање на стадата се основна причина поради која *Саракачаните* се иселиле од Република Македонија. Со тоа е прекинат синџирот на нивниот традиционален начин на живеење. Оние кои се обиделе да ја прокриумчарат стоката кон Грција, дошле во судир со законот, а останатите морале својата егзистенција да ја побараат во земјоделството. Некои од нив изградиле и свои куќи по населените места, додека останатите биле сместувани како потстанари, за што плаќале кирија од 250 до 600 динари, во зависност од просториите што ги користеле. Од тие причини, потрагата за подобар живот ги натерала да се вратат во нивната стара татковина - Грција. Така, на пример, пред нивното раселување, во Црвена Ѕвезда имало 70 саракачански куќи, во Караорман 40; во Демир Капија и Курешница по 20 куќи, а во Три Чешми се спомнуваат 244 жители,(Б.Русиќ, 107/V-6). И покрај тоа што оваа етничка заедница е раселена во Грција, нејзини претставници живеат во Македонија, и тоа во: Гевгелија, Негорци, Демир Капија, Бистренци, Неготино, Кавадарци, Штип, Скопје, Битола, Нижополе и др. Треба да напоменеме дека во повеќето случаи се работи за мешовити бракови помеѓу Македонци и Саракачанки, така што нивната асимилација е неминовен процес. Единствената саракачанска фамилија денес живее во Штип, целосно интегрирана во современиот систем на живеење.

**Народна носија**

*Извори:* Во 1894 година при посетата на *Саракачаните* на планината Боденик, Тихомир Ѓорѓевиќ ќе забележи: "Жените ги затекнавме во колибите, седат и предат: нивната облека е многу убава и чиста. Тие носат облека слична на машката, само што е доста пошарена. На главата имаат вплетени разни ситници во косата кои се подредени по одреден ред. Косата ја плетат слично на *трљаве* кои се носат во некои наши краеви." (Т.Ђорђевић, 1933,107)

Ова е само еден пример како и колку е пишувано за носијата на "*Саракачаните*" при крајот на XIX и почетокот на XX век. Слични податоци наоѓаме и кај останатите истражувачи: Р. Николиќ ќе забележи: "Многу се штедливи: костумот како и сета останата облека ја прават жените; плаќаат само во валалница, да им се вала сукното."(Р.Т.Николиц,1912, 182)

Во различни предели носијата на *Саракачаните* била различна.

По Хог, носијата на *Саракачаните* во Епир била доста практичена. Мажите носеле бели кошули со шарени ракави, црн елек, долги бели панталони, појас и фустанела со голем

број на клинови; а на главата црна капа. Вака изгледал секојдневниот костим. Женската носија била изработена од црна волна; носеле фанела, скутина, фуста а околу вратот и на градите нанизи. Авторот наведува дека разлика во носијата постоела кај богатите и сиромасите. Во истиот текст се наведува дека носијата во следните четириесетина години битно се изменила (C.Noeg,1925, 25-26), но не кажува што се променило, како и зошто.

Л. Жуниќ,во 1953 година ги посетува *Саракачаните* на планината Гоч, и притоа забележува: "Голем дел од саракачанската облека била од бело сукно. Материјалот за изработка го подготвувале жените, освен марамите и некои видови платно кои ги купувале."

Се истакнува дека *Саракачаните* биле горди на својата носија која била доста убава, богато извезена и украсена "Бевме *Саракачани*, овчари, но кога ќе се облечевме и ќе појдевме некаде, сите нас нé гледаа." Притоа се наведува дека во Грција нивната носија била поубава од онаа на селаните.(Л. Жуниħ,1924, 94)

Дека саракачанската носија се разликува во различни краеви наведува и Б. Маринов во неговото дело "Придонес за изучувањето на потеклото, битот и културата на Каракачаните во Бугарија",(Б. Маринов,1964,92) каде што се наведува дека носијата на *Саракачаните* од Епир значајно се разликува од онаа на *Саракачаните* во Бугарија. Според Маринов *Саракачаните* во Бугарија припаѓаат на Белодрешковците, бидејќи носеле бела фустанела и бели тесни гаќи препашани со бел појас. На горниот дел од телото носеле бел шегун. Во периодот на триесеттите години на XX век оваа бела носија била заменета со таканаречената "македонска носија", која одговарала на номадскиот начин на живеење(Б. Маринов, 1964,92).

Женската носија се менувала неколку пати. Првобитно жените носеле "сукмени" без ракави. Старата носија многу не се украсувала; нешто подоцна носијата се шарала со ленти и гајтани, а одредени делови почнале и да се фарбаат. Сточарскиот начин на живеење се одразил и на носијата. Во целина, носијата се изработувала од црна, каракачанска волна, украсена со траки и срма; прилагодена на климатските карактеристики на високопланинските региони.(Б. Маринов, 1964,93).

Спротивно на Маринов, Хаџимихали наведува дека носијата на *Саракачаните* и покрај тоа што се растурени по целиот Балкан малку се разликува. Авторката на 35 страници и со повеќе од 40 илустрации ја опишува носијата на *Саракачанките* во Грција. Треба да напоменеме деке овој труд претставува и најкомплетен опис на саракачанската женска носија. Хаџимихали истакнува дека во Грција можат да се разликуваат два типа на саракачански носии. Првата варијанта е онаа која била носена од *Саракачаните* во Македонија (се однесува на пределот Македонија во Грција; Епир, Тесалија, па продолжува кон Атика, Евбеја и северниот дел на Пелопонез), чија основна карактеристика била нејзината едноставност. Втората варијанта била носена од *Саракачаните* во централна и источна Македонија, и тоа: Серез, Кавала, како и во централните делови на Паранестион. Овој тип на носија подоцна бил ограничен само на подрачјето на Тракија. Меѓутоа и покрај разликите двете носии упатуваат на заклучокот дека во минатото тие потекнуваат од еден ист тип носија. Понатаму авторката наведува дака постарите жени тврдат дека пред 100 и повеќе години мажите и жените носеле иста горна облека изработена од груба волнена ткаенина(A.Hatzimichali,1984,300). По 1900 година носијата во Тракија почнала да се украсува, ја изгубила својата едноставност и се претопила во носиите на населението од соседните региони (A. Hatzimichali,1984,300).

Податоци за народната носија на *Саракачаните* наоѓаме и кај Б. Русиќ во неговите теренски записи од околината на селото Сараќ (кај него Сараково) кај Јанина (Б. Русиќ, 127/I-7). Во овој запис Русиќ само ги има наброено составните делови на машката и женската носија.

Фрагментарни податоци за носијата на *Саракачаниите* во Македонија дава само патописецот А. Б. Херанда. Тој вели: "Брзо ни го попречија патот големи групи на некои необични луѓе во грчка облека од сино сукно и големи црни опинци накитени на врвовите, кои тераа непрегледни стада овци со долги црни руна. Тоа е номадското племе на таканаречените Каракачани "(А. Б. Херанда, 1927).

Меѓутоа, најпрецизни податоци за реконструкцијата на народната носија на *Саракачаниите* во Република Македонија се добиени од елементите депонирани по депоата на Музеите во Скопје, Штип, Струмица или пак се наоѓаат кај приватни лица и колекционери.

**Машка носија**

Костумот кај *Саракачаниите* се нарекува nfika, а за свечениот костум се употребува и терминот armat[2] (П. Скок,1927, 171). Во жалост костумот се носел превртен во текот на 40 дена. При крајот на XIX и почетокот на XX век *Саракачаниите* во Македонија носеле волнена поткошула, malina,(облекувана директно на голо тело и во лето и во зима), над неа кошула, kamso, од бело платно со широки ракави; на долниот дел од телото гаќи ,vraka од бела волнена клашна и бели ногавици, kalci, прицврстени за гаќите со помош на волнена врвца; во пределот на колената калците биле обмотувани со црни или шарени ленти со реси, kalcedeti. Околу струкот се опашувале со бел, а покасно и со црн прошаран појас zonari; над него носеле кожен ремен со прегради, silav, каде што го носеле приборот за пушење. На горниот дел од телото над кошулата облекувале бел елек, djamadani, на градите закопчан со метални кукички; бела долама, seguni, со расечени ракави. Сточарите над неа облекувале и кабаница со долги ракави. На нозете кратки волнени чорапи, patula, кожени опинци, caruhi, домашна изработка, типични скоро за сите балкански сточари. Главата ја покривале со бел или црвен фес (во текот на летото) и со шубара (зимно време).

Во празнични денови над елекот облекувале копаран со расечени ракави,





konduseguna; фустанела од бело платно , а на нозете шарени чорапи и чевли.

Помеѓу двете светски војни *Саракачаниите* почнале да носат и црни клашнени чакшири ,gilot, кошула со рамен крој и тесни ракави, црн џамадан и црно палто, patatuka. Околу вратот носеле шал, а на главата шубара или качкет, skufje; на нозете црни, а во празнични денови шарени волнени чорапи и чевли. Во овој период во празничните денови *Саракачаниите* почнале да носат и тесни бели гаќи припиени за нозете и долги до глуждовите; над нив носеле бела фустанела. Ваква носија облекувале и за време на свадбите.

***Составни делови :*** поткошула -**malina**, кошула -**kamso**, ногавици -**kalces**, фустанела -**fustanel**", гаќи -**vrah**", прслук - **djamadani**, долама -**seguni**, копаран -**kondusiguna**, појас -**zonari**, чакшири со јавачки крој -**pantalonja**, палто -**patatuka**, кабаница -**gunj**, кожен опасач -**silaf**, чорапи -**patula**, подврски -**kalcedeti**, опинци -**caruhi**, чевли -**kurb'el'a**, шал -**mandilj**, капа -**kacula**, фес -**fes**, шубара -**subara**, качкет -**skufje**, крпа -**paceta**.

**Женска носија**

Женската носија при крајот на XIX и почетокот на XX век се состоела од : поткошула -malina, кошула -kamso- од ленено или памучно платно, сукња -fusta, трапезовидна скутина -podja, појас- zonari и појавче од монистри -zoka со пафти -kleodamata. Во празнични денови над зобанот носеле елек -"goû oki." На нозете носеле црни волнени чорапи -curapja, а преку летото калци -kalces, и кожени опинци -caruhi. Главата ја покривале со црн плетен волнен шал -mandilj(Б. Русиќ , 127/1-7; Л. Жунић, 1924,94).

Помеѓу двете светски војни носијата не претрпела суштински промени освен што била поукрасена. Кошулата била со кратки ракави, а отворот на градите бил покриван со едно парче платно -trahlja. Промени настанале и кај скутината, бидејќи наместо трапезовидните почнале да се употребуваат скутини изработени од бело купечко платно декорирани со гајтани. На зобанот се прикачувале широки ракави -"manike", а на нозете обувале богато декорирани чорапи.

Жените биле скромни во украсувањето. Девојките околу вратот носеле ѓердани, а помладите жени наниз од дукати. На појасот прикачувале пафти -kleodomata, а на градите копче -kopce. На шамијата прикачувале дукати кои откако ќе го роделе првото дете ги симнувале и ги носеле нанижани на ленти околу вратот. Прстени носеле жените, мажите многу ретко, а девојките никогаш. Женските деца се тетовирале, а најчест мотив бил





крстот.

**Составни делови :** поткошула -**malina**, кошула -**kamso**, гушник - **trahlja**, сукња -**fusta,** скутина -**podja**, појас -**zunari**, појасче -**zoka,** зобан -**seguni,** елек -**gozoki**, палто **-patatuka**, ракави - **manika**, чорапи -**curapja,** калци **kaljces**, опинци **-caruhi**, шал **-mandilj.**

**Начин на чешлање, преврзување и украсување на главата** Девојките се разликувале од жените единствено по начинот на чешлањето на косата. Девојките косата ја чешлале со патец на средината; околу главата врзувале срмена лента и косата ја префрлувале над неа. Откако девојката ќе се омажела косата ја плетеле во плетенки -kasunis ; плетенките се вкрстувале над челото, се обмотувале околу главата и се врзувале на тилот со помош на пантлика. Ваква фризура жените носеле се до својата смрт.

**Накит**: а) flurid, невестински накит за глава; златна монета (кога невестата ќе го родела првото дете оваа монета ја ставала на лачнето околу вратот); sklarikja - (обетки), метални, украсени со синџирчиња кои не само што го украсувале лицето, туку и ги држеле обетките за да не се изгубат; в) hajmali, невестински накит за гради; синџирчиња; стари пари (кај помладите жени тоа се нанижани дукати); г) kopce, невестински накит за гради, легура на сребро, техника лиење, гравир и црна паста (сават); д) kleodamata, пафти, прикачени на појасот, легура на сребро, техника лиење, гравир, посребрени; по форма слични на "гласиначкиот појас" (појас од средниот век); ѓ) klidoma, токи, украс за гради; метални плочи; легура на сребро; лиење, гравир, сават (црна паста); синџирчиња; филигранска изработка; мотиви: листови, змии, орли со една или со две глави и сл.; е) manilis, белегзија, украс за на рака; туч (месинг); леење, гравир, се носи на десната рака а се закопчува со сребрена игла; ж) drahlidi, прстени, носеле само мажените (девојките не); месинг, техника леење, гравир.

Металниот накит скоро кај сите Саракачанки бил сличен. Него го купувале по нарачка од локалните кујунџии или од албанските и еврејските трговци.

**Т е т о в и р а њ е.** Се тетовирале уште во раните детски години, на челото и по рацете; мотив: крст; техника; саѓи, ракија, игла.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


**Русиќ, Бранислав,** Арх. МАНУ, АЕ. 107/V/6; V-12.;127/I-7

**Ђорђевић, Тихомир**, *На Боденику,* Наш - НЖ, кн. 8, Београд, 1933.

**Жунић, Лепосава,** *Саракачани "Ашани" на Гочу,* ГЕМ, кн.VII, Београд, 1985.

**Кличкова, Вера,** *Власи Каракачани во Македонија,* Весник МКДНРМ, год.1., бр. 1, Скопје , 1953.

**Марннов, Б.,** *Принос към изучжаването на произхода бита и културата на Каракачаните в България,* София, 1964.

**Николић, Т. Риста,** *Крајиште и Власина,* СЕЗб, Насеља и порекло становништва, кн. 8, Београд, 1912.

**Попвасилева, Александра,** *Двојазичното раскажување на народни приказни,* Скопје, 1987.

**Скок, Петар**, *Саракачани,* ГСНД, кн. III, Скопје, 1927.

**Сурин, Н.,** *Каракачански колиби над с. Рожден (Мариховско),* МП, год. V, кн. 3, София, 1929.

**Hatzimichali, A.,** *The Greek folk costume,* volume two, Melissa, 1984.

**Херанда, Б. А.,** *Од Битоља до Преспанског Језера,* Југославија у сличице и речи, I, Београд, 1927.

**Hoeg, C.,** *Les Saracatsanes, Une tribu nomade grecque I,* Etude linguistique precedee, d'une notice etnographique, Paris - Copemhageue, 1925.